Република Северна Македонија
Kuzey Makedonya Cumhuriyeti
ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
MAVROVO VE ROSTUŞE BELEDIYE
Бр./N°: 04-1172/14
30. 06. 2025
Ростуше / Rostuşe

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,,Сл.весник на Република Македонија” број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Маврово и Ростуше на ден 30.06.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. Кандидатот **Емир Емрулаи, со идентификационен код 2DA0052** се избира за извршител на работното место **УПР0101В01000 Советник за образование, култура и географија,** Одделение за нормативно-правни работи и јавни дејности во Општина Маврово и Ростуше.

2. Именованиот ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе соодветно Решение за вработување.

3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден ден 26.05.2025 година во дневните весници ,,Нова Македонија”, ,,Вечер” и ,,Коха”, како и на веб страницата на Агенцијата за администрација е објавен јавен оглас број 345/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Општина Маврово и Ростуше, за работно место **УПР0101В01000 Советник за образование, култура и географија, Одделение за нормативно-правни работи и јавни дејности, во Општина Маврово и Ростуше.**

Со Решение број 10-1114/3 од 13.06.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација, формирана е Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник. Комисијата за селекција спроведе административна селекција согласно Записник број 10-1114/4 од 13.06.2025 година, спроведе испит за административен службеник согласно Записник број 10-1114/5 од 25.06.2025 година, спроведе и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, согласно Записник број 10-1114/6 од 26.06.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција, изготви Конечна ранг-листа и Предлог број 10-1114/7 од 26.06.2025 година, за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за ова работно место по Јавен оглас број 345/2025, кој во законски рок го достави до Секретарот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Општина Маврово и Ростуше**
**Секретар**
**Осман Сејдиу**

Доставено до:
- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Архива